(2) Во случајот од став (1) на овој член воздухопловниот инспектор треба наредбата да ја достави на писмено со решение на директорот на Агенцијата, до субјектот на надзор во рок од три дена од денот на нивното изрекување.

(3) Доколку субјектот кој е предмет на надзор, не постапи по усната наредба на воздухопловниот инспектор, се постапува согласно член 10 став (3) на овој правилник.

Член 12

Доколку воздухопловниот инспектор за време на извршување на надзорот утврди постоење на непосредната опасност по животот и здравјето на луѓето, имотот од поголема вредност или кога е во прашање заштита на друг вид на јавен интерес, директорот на Агенцијата издава оперативна директива или наредба за безбедност во согласност со член 9-д став (1) алинеја 12 од Законот за воздухопловство.

Член 13

(1) Надзорот на обуката на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал го вршат воздухопловните инспектори на Агенцијата кои се овластени за надзор на дејностите кои треба да ги врши персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал што се обучува.

(2) Посебните услови за воздухопловните инспектори за надзор на:

а) обуката на персоналот во воздухопловството кој се оспособува за вршење на јавен воздушен превоз, се утврдени во Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на инспекциски надзор и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши инспекциски надзор на јавен воздушен превоз,

б) обуката на персоналот во воздухопловството кој се оспособува за давање на услуги на воздухопловна навигација, се утврдени во Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши надзор на давањето на услуги на воздухопловна навигација,

в) обуката на друг стручен персонал кој се оспособува за давање на аеродромски услуги и одржување на аеродромска инфраструктура, се утврдени во Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на аеродроми, леталишта, терени и на давањето на аеродромски услуги и посебните услови кои треба да ги исполнува инспектор и

г) обуката на персонал во воздухопловството и друг стручен персонал кој се оспособува за обезбедување од дејствија на незаконско постапување, се утврдени во Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на инспекциски надзор и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши инспекциски надзор на јавен воздушен превоз, Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на аеродроми, леталишта, терени и на давањето на аеродромски услуги и посебните услови кои треба да ги исполнува инспектор како и Националната програма за контрола на квалитетот во обезбедувањето

(3) Надзорот на обуката на персоналот во воздухопловството кој се оспособува за вршење на специјализирани услуги со воздухоплов, превоз за сопствени потреби, воздухопловно спортски активности и падобранство го вршат воздухопловни инспектори кои покрај општиот услов од член 181 од Законот за воздухопловство треба да ги исполнуваат следните посебни услови:

а) да имаат успешно завршена обука за инспектор согласно Програмата за обука на Агенцијата која како минимум треба да вклучува:

- обука за прописите на Република Македонија кои се однесуваат на условите за вршење на специјализирани услуги со воздухоплов, превоз за сопствени потреби, воздухопловно спортски активности и падобранство, управна постапка, континуиран надзор и преземање на казнени и прекршочни мерки,

- обука за меѓународните стандарди за вршење на специјализирани услуги со воздухоплов, превоз за сопствени потреби, воздухопловно спортски активности и падобранство кои се прифатени и транспонирани во прописите на Република Македонија;

б) да имаат/ле дозвола за пилот на авион (CPL или PPL);

в) да имаат активно познавање на англиски јазик ниво (најмалку ниво B2 согласно Common European Framework of Reference for Languages или ICAO ниво 4 или повеќе) и

г) да ги исполнуваат другите услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата.

Член 14

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 01-15232/1 | Министер |
| 5 декември 2016 година | за транспорт и врски, |
| Скопје | **Владо Мисајловски,** с.р. |

**4771.**

Врз основа на член 173 став (2) и член 181 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр.14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16 и 31/16), а во врска со член 189 од Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр. 85/08, 148/11, 10/15 и 150/15), министерот за транспорт и врски донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ, ПРАВИЛАТА И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА НАДЗОР НА ЗАШТИТАТА НА ПАТНИЧКИТЕ ПРАВА ВО ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ, КАКО И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА ЛИЦЕ ЗА ДА ВРШИ РАБОТИ НА ИНСПЕКТОР

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на заштитата на патничките права во воздушен сообраќај, како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице

Член 2

(1) Надзорот на заштитата на патничките права во воздушен сообраќај опфаќа надзор на примената на одредбите на Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај кои се однесуваат на:

- обештетување и помош на патниците во случај на откажување на летот, одбивање на влез на патникот во воздухопловот, долго одложување на летот или промена на класата на патничката карта и

- информирање на патниците за идентитетот на вистинскиот превозник.

(2) Препорачаната практика за придржување кон пропишаните услови за заштита на правата на патниците во воздушен сообраќај, е содржана во Упатството за објаснување на Регулативата 261/2004 на Европскиот парламент и на Советот за утврдување на заеднички правила за обештетување и помош на патниците во случај на одбивање на влез на патникот во воздухопловот и откажување на летот или долго одложување на лет и Регулативата 2027/97 на Советот за одговорноста на авиопревозниците во случај на несреќи променета со Регулативата 889/2002 на Европскиот парламент и на Советот на Европската унија, кои се преземени согласно Анексот 1 на Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европска заедничка воздухопловна област (во понатамошниот текст: Договор за воспоставување на ЕЗВО).

(3) Надзорот на заштитата на правата на патници со намалена подвижност се врши согласно Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на аеродроми, леталишта, терени и на давањето на аеродромски услуги и посебните услови кои треба да ги исполнува инспектор.

Член 3

Одделни изрази кои се користат во овој правилник го имаат следното значење:

1. „Надзор" е инспекција, преглед и друга формална активност која се врши од страна на надлежен орган со цел да се провери и следи исполнетоста на пропишаните услови, односно стандарди при заштитата на патничките права во воздушен сообраќај;

2. „Надлежен орган" е Агенцијата за цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст: Агенцијата), во случај на летови од аеродромите во Република Македонија или летови од трети земји до аеродромите во Република Македонија под услов да се работи за ЕЗВО авиопревозник;

3. „Трети земји" се земји кои не се потписнички на Договорот за воспоставување на ЕЗВО и

4. „ЕЗВО" е Европска заедничка воздухопловна област воспоставена со Договорот за воспоставување на ЕЗВО.

Член 4

(1) Заради вршење на надзорот, Агенцијата в( поставува и одржува систем за управување.

(2) Системот за управување од став (1) на овој чл( опфаќа:

- Упатства со процедури за работа и листи за пр( верка;

- Доволен број на вработени кои треба да бидат кв( лификувани за вршење на надзорот;

- Простории, опрема и средства за вршење на на( зорот и

- Електронски информации за заштита на права( на патници во воздушен сообраќај и потребни форм( лари/обрасци на својата официјална веб страна ( друго.

Член 5

(1) Надзорот се спроведува редовно, по сопствен( иницијатива на Агенцијата кога ќе се посомнева во по( стоење на повреда на прописите за заштита на патнич( ките права или по добиена пријава од патник за нару( шување на патничките права.

(2) Пријава за нарушување на патничките права мо( же да се достави до Агенцијата само ако патнико( предходно се обратил до авиопревозникот и не е задо( волен од применојот одговор или не добил одговор во( рок од шест недели од денот на поднесувањето на жал( бата до авиопревозникот.

(3) Доколку по добиена пријава од патник, Агенцијата утврди дека не е надлежен орган за постапување, истата ја препраќа до телото на земјата кое е надлежно да постапува по истата за што го известува и патникот кој ја поднел пријавата.

Член 6

(1) Надзорот на заштитата на патничките права во воздушен сообраќај го спроведуваат еден или повеќе овластени воздухопловни инспектори на Агенцијата преку проверка на соодветни податоци, документи, процедури, барање на усни објаснувања или изјави и слично.

(2) Субјектите кои се предмет на надзор не треба да ги попречуваат воздухопловните инспектори во вршењето на надзорните активности и без одлагање треба да им ги доставaт потребните информации, податоци, материјали кои се потребни за извршување на надзорот.

Член 7

(1) Доколку воздухопловниот инспектор по извршениот надзор утврди дека нема повреда на прописите од областа на воздухопловството од страна на предметот на надзор, истото го констатира во записник кој го доставува до субјектот на надзор.

(2) За утврдената состојба од став (1) на овој член соодветно се известува и патникот кој поднел пријава.

(3) Утврдената состојба од страна на воздухопловниот инспектор од став (1) на овој член не го спречува правото на патникот за

Член 8

(1) Доколку воздухопловниот инспектор утврди дека е повреден пропис од областа на воздухопловството над чие спроведување се врши надзор, подготвува записник во кој се опишуваат констатираната состојба, детален опис на забелешките, насоки за затварање на забелешките во определен рок и други информации.

(2) Записникот се составува во рок од пет работни дена од денот на извршувањето на надзорот во три примероци од кои еден се доставува до субјектот на надзорот, еден за воздухопловниот инспектор и еден за Агенцијата.

Член 9

(1) Врз основа на записникот на воздухопловниот инспектор, субјектот на надзор во рок од десет дена од денот на приемот на записникот може да достави свои коментари.

(2) Агенцијата, доколку добие коментари од субјектот на надзор треба да му прати одговор во рок од 30 дена од денот на приемот, во кој го известува дали коментарите се прифатливи или не и дали насоките во записникот ќе бидат променети или остануваат ефективни.

(3) Доколку субјектот кој е предмет на надзор, не ги достави бараните информации или документи и не постапи по насоките од записникот, директорот на Агенцијата донесува решение согласно член 182 од Законот за воздухопловство со кое може да нареди определени активности и/или да поведе прекршочна постапка согласно важечките прописи.

(4) За преземените активности согласно став (3) на овој член, Агенцијата доставува информација до патникот кој поднел пријава.

(5) Преземените активности од страна на Агенцијата согласно став (3) на овој член, не го спречуваат правото на патникот за судска заштита на своите права.

Член 10

Надзорот на заштитата на патничките права во воздушен сообраќај го вршат овластени воздухопловни инспектори за патнички права кои покрај општиот услов од член 181 од Законот за воздухопловство треба да ги исполнуваат следните посебни услови:

а) успешно завршена обука за инспектор за патнички права согласно Програмата за обука на Агенцијата која како минимум треба да вклучува:

- обука за прописите на Република Македонија кои се однесуваат на заштитата на патничките права во воздушен сообраќај, управна постапка и преземање на прекршочни мерки,

- обука за европските прописи за заштитата на патничките права во воздушен сообраќај кои се прифатени и транспонирани во прописите на Република Македонија како и за меѓународните судски случаи поврзани со тие европски прописи и

- обука за меѓународно воздухопловно право;

б) висока стручна подготовка - Правен факултет – правни студии;

в) најмалку осум години работно искуство поврзано со воздухопловно право;

г) положен правосуден испит;

д) активно познавање на англиски јазик и

ѓ) други услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата.

Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 01-15233/1 | Министер |
| 5 декември 2016 година | за транспорт и врски, |
| Скопје | **Владо Мисајловски,** с.р. |

---

**4772.**

Врз основа на член 173 став (2) и член 181, а во врска со член 177 и 179 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16 и 31/16), министерот за транспорт и врски донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ПРАВИЛАТА И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА НАДЗОР НА АЕРОДРОМИ, ЛЕТАЛИШТА, ТЕРЕНИ И НА ДАВАЊЕТО НА АЕРОДРОМСКИ УСЛУГИ И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА ИНСПЕКТОР

Член 1

Во Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на аеродроми, леталишта, терени и на давањето на аеродромски услуги и посебните услови кои треба да ги исполнува инспектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 163/13) во членот 23 во точката 1) по зборовите: "Воздухопловен инспектор за" се додаваат зборовите: "градежна инфраструктура на".

Точката б) се менува и гласи:

"б) има висока стручна подготовка – градежен факултет или архитектонски факултет; ".

Во точката в) зборовите: "има валидно и важечко овластувања" се заменуваат со зборовите: "има или имал овластување".

По точката 1) се додава нова точка 1-а) која гласи:

"1-а) Воздухопловен инспектор за електро-технички инсталации на аеродроми треба да:

а) има успешно завршена обука за инспектор за аеродроми согласно Програмата за обука на Агенцијата која како минимум треба да вклучува:

- обука за прописите на Република Македонија кои се однесуваат на условите за планирање, проектирање, изградба, одржување, регистрација и сертификација на аеродроми, управна постапка, континуиран надзор на аеродроми и преземање на казнени и прекршочни мерки и